VIEWS
Volunteering for Inclusion & Empowerment With Sports

# ИНФОРМАТИВЕН БИЛТЕН #3

Мај 2026

## ШТО ДА ОЧЕКУВАТЕ?



- **Транснационален состанок на партнерите во Даблин, Ирска**
- **Не заборавајте да ги погледнете и нашите постоечки ресурси!**
  - *Истражувањето на најдобрите практики*
  - *Почетен пакет за волонтери*
  - *Обука за волонтери*
- **Новости од партнерите**
- **Во тек е подготовка на нови ресурси: истражување и развој на материјали за клубови и организации**
  - *Почетен пакет за инклузивно волонтерство за клубови и организации*
  - *Обука за инклузивно волонтерство за клубови и организации*
- **VIEWS е активен на социјалните медиуми!**
- **Не заборавајте да ја посетите и веб-страницата на VIEWS!**

VIEWS
Volunteering for Inclusion & Empowerment With Sports



Co-funded by the European Union

*Финансирано од Европската унија. Изнесените ставови и мислења се исклучиво на авторот(ите) и не ги одразуваат нужно ставовите на Европската унија или EACEA. Ниту Европската унија ниту доделувачкиот орган не можат да се сметаат одговорни за нив.*

Centre for European Volunteering · CORPORATEGAMES · IP@K · INSIDE EU · equoras · VSSÖ

Co-funded by the European Union

# Транснационален состанок на партнерите

## Даблин, Ирска

На 15 и 16 април 2026 година, партнерите на проектот VIEWS се собраа во Даблин, Ирска, на третиот транснационален партнерски состанок во живо, чиј домаќин беше INSIDE EU. Состанокот беше посветен на разгледување на напредокот на проектот, оценување на клучните резултати и планирање на претстојните активности.

Партнерите разговараа за целокупната имплементација на проектот, споделувајќи искуства и идентификувајќи ги силните страни, како и областите каде што има простор за подобрување. Дополнително, беа разгледани и оценети Извештајот за добри практики, Почетниот пакет за волонтери и Обуката за волонтери, со посебен фокус на тестирање и подобрување на платформата за обука. Состанокот вклучи и заедничка креативна сесија меѓу партнерите, посветена на напредокот во развојот на Обуката за клубови и организации, со цел материјалите да ги одразуваат практичните потреби и различните перспективи на корисниците.

Партнерите започнаа и со планирање на пилот-фазата, која ќе започне на есен 2026-та година и ќе вклучи активности во четири земји: Северна Македонија, Романија, Словенија и Полска, со вкупно околу 400 учесници. Беа разгледани и активностите за комуникација и дисеминација, вклучително и Глобалната информативна кампања и веб-страницата на проектот.

На вториот ден, партнерите учествуваа во локална студиска посета на St. Michael's House Leisure Centre & Swimming Pool, каде што добија вредни увиди во практиките за инклузивно волонтерство во Ирска.




Состанокот претставуваше важен чекор напред во зајакнувањето на соработката и подготовката за следната фаза од проектот. Партнерите повторно ќе се сретнат во октомври 2026 година во Словенија.

# Не заборавајте да ги погледнете и нашите постоечки ресурси!

## Истражување на најдобрите практики




Доколку сè уште не сте го погледнале, Истражувачкиот извештај за добри практики на VIEWS е достапен на веб-страницата на проектот тука.

Извештајот беше подготвен од проектните партнери во тесна соработка со заедницата на лица со попреченост, поради што се темели на реални искуства и приоритети како што се пристапноста, инклузивноста, зајакнувањето и одржливоста.

Во него се претставени практични примери за инклузивно волонтерство во спортот, од локални иницијативи до големи спортски настани, и се нудат јасни, насоки засновани на искуства на спортски организации, координатори на волонтери и креатори на политики, поставувајќи заеднички стандард за тоа како изгледа „добра практика“.

Целосниот извештај е достапен на англиски јазик — задолжително погледнете го доколку сè уште не сте го направиле тоа.

## Почетен пакет за волонтери




Погледнете го Почетниот пакет за волонтери на VIEWS, кој беше подготвен минатата година!

Во Почетниот пакет ќе најдете пет ресурси: листа за подготовка, краток ЕУ водич за волонтерски права, портфолио, обрасци за барање приспособувања и дневник за размислување, кој ќе ви помогне да го надградите вашето искуство.

Почетниот пакет е достапен на англиски, француски, германски, македонски, полски, романски, словенечки и шпански јазик преку веб-страницата на проектот VIEWS.

## Обука за волонтери

Со нетрпение очекуваме да ја споделиме со вас VIEWS Обуката за волонтери, но ни треба уште малку време за да се увериме дека е целосно подготвена.

Обуката беше развиена во 2025 година и во моментов е во почетна фаза на тестирање. Овој чекор е особено важен за да се осигураме дека платформата добро функционира, дека е инклузивна и квалитетна, како и дека одговара на потребите, очекувањата и мотивацијата на волонтерите со попреченост и лицата со попреченост кои сакаат да се вклучат во спортско волонтерство.

Тестирањето ќе продолжи до летото 2026 година. Собраните повратни информации потоа ќе бидат вградени во платформата, пред официјалната пилот-фаза да започне подоцна истата година.

Дали сте заинтересирани да ни помогнете во тестирањето на обуката и да ги споделите вашите повратни информации? Контактирајте нè на: communication@cev.be.



# Новости од партнерите

## Corporate Games - Романија
### Тимот на VIEWS од Романија планира можности за инклузивно волонтерство во спортот

На 9-ти април, проектниот тим од Романија во рамки на Erasmus+ проектот VIEWS одржа онлајн состанок за планирање можности за инклузивно волонтерство во спортот.

Важен дел од дискусијата беше вклучувањето на Filip Ghiorghi, лице со попреченост кое ќе го поддржи проектот како волонтер на претстојните спортски настани. Неговото учество ја одразува главната цел на VIEWS: создавање попристапни и поинклузивни можности за волонтирање во спортот.

Тимот разговараше за два претстојни настани на кои би можеле да се вклучат волонтери на VIEWS: Corporate Games, кои ќе се одржат од 19 до 21 јуни, и Европската недела на спортот, планирана за 27 септември. Првата предложена волонтерска улога е водење резултати за време на фудбалски натпревари, што им нуди на волонтерите јасен и значаен начин за учество.

На состанокот беше истакната и соработката со организацијата Sports Volunteer, која ќе ја поддржи вклученоста на волонтери со попреченост во овие активности. Ова партнерство ќе помогне да се зајакне практичното влијание на проектот VIEWS и да се создадат реални можности за инклузија на спортски настани.

Платформата VIEWS ќе го поддржи овој процес преку обуката за волонтери, која веќе е достапна на романски јазик, како и преку идната обука за спортски клубови за тоа како да станат поинклузивни.

Преку овие активности, проектниот тим од Романија продолжува да го промовира спортското волонтерство како отворено, пристапно и добредојдено искуство за сите.

## IPAK - Словенија
### Активност во заедницата по повод Денот на здравјето – промоција на проектот VIEWS

По повод Светскиот ден на здравјето, на главниот градски плоштад во Љубљана, се одржа настан на кој учествуваа организации активни во областа на здравјето. Настанот обедини различни спортски клубови и невладини организации. Нашиот институт, сепак, не беше поканет, бидејќи здравјето не е наша примарна област на работа.



Откако дознавме за настанот, решивме да преземеме иницијатива и да ги посетиме учесниците за да им го претставиме проектот VIEWS. Одевме од штанд до штанд, се запознавме со претставници на присутните организации и ги презентиравме целите на проектот, како и можностите за вклучување.



Оваа теренска активност се покажа како успешна — со неколку учесници договоривме посебен состанок во мај 2026 година, на кој подетално ќе го претставиме проектот VIEWS и ќе разгледаме можности за соработка.

# Новости од партнерите

## Параолимписки комитет на Северна Македонија

### Зад секоја параолимписка стартна линија стои тим

Во рамки на проектот VIEWS, инклузијата во спортот значи многу повеќе од само учество. Таа значи пристап, поддршка, истрајност и луѓе кои помагаат можностите да станат реалност. Патот на Зоран Јовановски до Зимските параолимписки игри Милано-Кортина 2026 е силен пример токму за тоа.

Како единствен спортист од Северна Македонија на Игрите, учеството на Зоран претставуваше многу повеќе од индивидуален спортски успех. Тоа беше резултат на повеќемесечна координација, комуникација и посветеност од страна на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија, Скијачката федерација на Македонија, шефот на мисијата, тренерите, медицинскиот тим и поширокиот тим за поддршка. По интензивен процес кој вклучуваше апликации, комуникација со меѓународни тела и дополнителна координација со Меѓународниот параолимписки комитет, Зоран доби специјална покана за настап во дисциплината слалом – мажи, седечка категорија, класа LW11.

Во Кортина д'Ампецо, тимот се соочи со тешки временски услови и прекинати тренинзи, што уште еднаш нè потсети дека учеството на највисоко ниво често бара постојано приспособување. Зоран беше дисквалификуван откако пропушти капија на околу десет метри пред целната линија во првото возење, но неговото учество останува дел од една поширока приказна за развој и напредок на параспортот во Северна Македонија.

Токму тука пораката на VIEWS станува особено важна. Инклузивниот спорт не го создаваат само спортистите и натпреварите. Тој се гради и преку волонтерите, професионалците и посветените луѓе кои организираат, придружуваат, охрабруваат и решаваат предизвици зад сцената. Бранимир Јовановски, шеф на мисијата на македонската делегација и активно вклучен во проектот VIEWS, ја извршуваше својата улога на волонтерска основа. Неговиот пример покажува дека волонтирањето во спортот може да значи лидерство, одговорност и директен придонес кон создавање еднакви можности.

Волонтерите на Параолимпискиот комитет продолжуваат да ги поддржуваат спортските активности во текот на националниот и меѓународниот натпреварувачки календар за 2026 година. Националниот параатлетски тим веќе учествува на меѓународен турнир во Крушевац, Србија, додека шестмина парапингпонгари и двајца волонтери наскоро ќе патуваат во Варна, Бугарија, на меѓународниот турнир „Seagull".

Параолимпискиот пат на Зоран, како и континуираната работа на волонтерите околу Параолимпискиот комитет, нè потсетуваат дека инклузијата не е само порака. Таа е практика, тимска работа и секојдневна посветеност. Токму таков спортски екосистем има за цел да зајакне проектот VIEWS низ Европа: екосистем во кој лицата со попреченост се активно поддржани, охрабрени и видливи.









Претплатете се на [билтенот на VIEWS] за да добивате повеќе новости од проектните партнери.

# Во тек е подготовка на нови ресурси: истражување и развој на материјали за клубови и организации

## Почетен пакет за инклузивно волонтерство за клубови и организации

**Четвртиот резултат од проектот VIEWS ќе биде Почетниот пакет за клубови и организации, кој во моментов е во фаза на подготовка.**

**Досега, нашите проектни партнери — под водство на VSSÖ — собраа информации и мислења од засегнати страни од секторите спорт, волонтерство и поддршка на лица со попреченост. Целта е Почетниот пакет за клубови и организации да одговори на потребите и предизвиците со кои се соочуваат спортските клубови и организации во партнерските земји и пошироко во Европа.**

**Дали би сакале да се вклучите во развојот на Почетниот пакет за инклузивно волонтерство за клубови и организации? Контактирајте нè на communication@cev.be.**

**Почетниот пакет за клубови и организации ќе биде подготвен и достапен на веб-страницата на проектот до крајот на 2026 година. За повеќе новости, претплатете се на билтенот на VIEWS тука.**

## Обука за инклузивно волонтерство за клубови и организации

**Подготвуваме уште еден вреден ресурс: Обуката за инклузивно волонтерство за спортски клубови и организации. Обуката во моментов е во фаза на развој, а партнерите работат на тоа да се подобри нејзина употребливост и квалитет преку неколку фази:**

- **Фаза 1 – декември 2025 до февруари 2026:** беше спроведена анкета со прашалник наменет за спортски клубови и организации кои не вклучуваат волонтери со попреченост поради недостиг на знаење и искуство, или кои се соочуваат со предизвици во разбирањето на потребите поврзани со оваа област. Вкупно, партнерството собра 40 одговори.
- **Фаза 2 – февруари 2026 до мај 2026:** беа организирани фокус-групи и/или интервјуа со експертски групи составени од клубови и организации, волонтери и/или експерти со постојно знаење во оваа област. Нивниот придонес ќе помогне во првичната категоризација на желбите и потребите поврзани со содржината на Обуката за клубови и организации.

**Во наредните месеци, содржината на обуката ќе биде дополнително разработена и прилагодена, а потоа изработена во ист дигитален формат како и Обуката за волонтери. На овој начин ќе се обезбеди доследност и можност за поврзување меѓу двете обуки.**

**Обуката за спортски клубови и организации ќе биде подготвена и достапна на веб-страницата на проектот до крајот на оваа година, а ќе биде тестирана во периодот на пилот-тестирање од ноември 2026 до април 2027 година.**
**За повеќе новости, претплатете се на нашиот VIEWS билтен тука или преку веб-страницата на проектот тука.**

# VIEWS е активен на социјалните медиуми!

Co-funded by the European Union

Проектот VIEWS сега е активен и на социјалните медиуми! Следете нè на Instagram и Facebook за да бидете во тек со најновите информации, резултатите од проектот, настаните и содржините поврзани со инклузивното волонтерство во спортот.

Преку нашите канали ќе споделуваме новости за проектот, ќе ги истакнуваме активностите на партнерите и ќе промовираме добри практики од цела Европа. Како дел од Глобалната информативна кампања, партнерите исто така ќе придонесуваат со свои содржини, со што ќе се обезбеди разновиден и интересен проток на информации.

Останете поврзани и бидете дел од онлајн заедницата на VIEWS!

Следете нè за повеќе новости.

# Не заборавајте да ја посетите и веб-страницата на VIEWS!

Дали веќе ја посетивте веб-страницата на VIEWS?

На веб-страницата на VIEWS можете да најдете информации за проектот, вклучувајќи ги неговата цел и задачи, партнерите вклучени во проектот, преглед на проектните активности, како и различни проектни ресурси по нивното завршување. Меѓу нив се Истражувачкиот извештај за добри практики, Почетниот пакет за волонтери на VIEWS, а наскоро и линк до VIEWS Learning EU Platform — сè што ви е потребно за подетално да го запознаете проектот.

Доколку сè уште не сте ја посетиле веб-страницата на VIEWS, ве охрабруваме да ја откриете.




Погледнете ја тука и не заборавајте да се претплатите на нашиот билтен тука, за да бидете во тек со новите активности и ресурси!